Г-дин Р. Хорески ✓ 08-37/7/2.6. 26.
03-4342
Благодарам З. Кнежевиќ

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ
РУСДБ НА ГРАД СКОПЈЕ
ОРУСДБ - "ЦЕНТАР"
ОП.РАБ: В. Вељановски
ЕВИД.БРОЈ: 09 - 367
01.06.1994 година
Скопје

–1-чи. Г. Поцркоски 3/6

ЛИНИЈА:
- АЕН -

II

## СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

I - **ИЗВОР:** Филијана Кока.

- Податоците се однесуваат на средбата на г-дин Норман Андерсон со Мендух Тачи и Љутфи Биљали, одржана во седиштето на КЕБС во Скопје на 27.05.1994 година.
- Состанокот со изворот е одржан на 31.05.1994 година од 10,00 до 11,00 часот во ресторанот "Пајмакс". Разговорот е обавен по наша иницијатива. Сознанијата се презентирани во усна форма. Оперативни трошоци нема.
- Материјалот е оформен на 01.06.1994 година.

II - Повод за обавување на информативниот разговор беше добивање на безбедносно интересни сознанија во врска со средбата на амбасадорот на КЕБС во Македонија Норман Андерсон со Мендух Тачи и Љутфи Биљали, а кои се од интерес за СДБ.

III - **ДОБИЕНИ СОЗНАНИЈА:**

Од обавениот разговор со изворот бевме информирани дека на 27.05. 1994 година по барање на Мендух Тачи и Љутфи Биљали во седиштето на КЕБС во Скопје, била остварена средба со амбасадорот на КЕБС во Македонија, г-дин Норман Андерсон.

Во разговорот Тачи го информирал г-дин Андерсон за судската постапка што се води против тројца Албанци од Тетово, поврзани со таканаречената "афера со оружјето" за кои се предвидува да бидат осудени со казна затвор во траење од 4 години.

Оваа казна според Тачи наликувала на извршените политички казни врз Албанците вршени во време на бившиот комунистички систем.

Со овие според нив драконски казни политичката ситуација во земјата станува доста напната, што доведува да членството на нивната партија како и целокупното албанско население се чувствува разгневено.

Што се однесува до идниот попис делегацијата на партијата истакнала дека нивната партија нема да ја сноси одговорноста ако истиот не биде извршен успешно.

На крајот од разговорот Мендух Тачи отворено се произнел против постоечката власт во Република Македонија изразувајќи револт поради прекинувањето на службената телефонска линија од партискиот телефон што деновиве е сторено од страна на полицијата.

Г-динот Норман Андерсон ги информирал дека оваа недела во Македонија ќе пристигне делегација предводена од г-дин Герт Аренс која експертски ќе се завземе со работа околу подготовките за пописот.

Во понатамошниот тек од разговорот изворот не информира дека горенаведените сознанија ги има добиено посредно од уредникот на албанската редакција Скендер Рауфи кој обавил телефонски разговор во нејзино присаство со Мендух Тачи (а кој разговор бил инициран од Тачи).

Тој барал од уредникот да разговорот обавен со г-дин Андерсон биде објавен во јавноста на што Скендер Рауфи изрично го одбил ова негово барање наведувајќи дека албанската редакција не претставува полигон за политички маркетинг.

IV - **Напомена на оперативниот работник:**

Сознанијата презентирани од изворот сметам дека заслужуваат наш интерес бидејќи истите говорат за ставот на радикалната фракција на ПДП во врска со актуелната политичка состојба во земјата. На мислење сум дека целта на разговорот на претставниците на радикалната фракција на ПДП со шефот на делегацијата на КЕБС во

Увид Б. Игњатов IV

МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА
РЕГИОНАЛНА УПРАВА НА СДБ ЗА ГРАД СКОПЈЕ
ОРУСДБ - КИСЕЛА ВОДА
Оп.раб: В.Бојановски
Кн.број: II-410
17.11.1994 година
Скопје

Увид З.Кокотовиќ

ЛИНИЈА НА РАБОТА: АЕИ

405

ОО „Деструктивци"

СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА

I - ИЗВОР: Филијана Кока

- Податоците се однесуваат на средбите на претседателот на фракцијата на ПДП со странски претставници во Р.Македонија.
- Состанокот со изворот е одржан на 14.11.1994 година во ресторанот "Пајмакс" од 10,00 до 11,00 часот.
- Разговорот е обавен по наша иницијатива.
- Сознанијата се презентирани во усна и писмена форма. ?
- Материјални трошоци нема
- Материјалот е оформен на 17.11.1994 година

II - Повод за обавување на информативниот разговор беше добивање на безбедносно интересни сознанија во врска со одржаните средби на претседателот на фракцијата на ПДП со странските претставници во Р.Македонија.

III - Добиени сознанија:

Од разговорот со изворот бевме информирани дека на 9.11.1994 година во седиштето на КЕБС во Македонија по барање на Арбен Џафери била остварена средба со Вандер Штул , висок комесар на ООН) и Норман Андерсон (Амбасадор на КЕБС во Македонија).

Разговорите воглавно се однесувале за последните повеќепартиски избори при што Арбен Џафери ги информирал за наводната нерегуларност на изборите, за превентивните закони кои ја посметуваат адекватната застапеност од една третина на Албанците во Парламентот, како и за извесни аномалии со гласачките ливчиња и изборните комисии. Посебно во своето излагање Џафери потенцирал дека не биле бирани средства за елиминирање на независниот кандидат Мендух Тачи и тоа не со силината на гласот него со административната комбинаторика.

Сето ова според Џафери довело до колизија со демократските начела за која се определила Р.Македонија, а воедно не се дава можност за отварање на една здрава политичка атмосфера.

Г-дин Вандер Штул честитајќи му го изборот на Арбен Џафери за пратеник, ја потенцирал потребата од отворен албанско-македонски дијалог.

Во натамошниот тек од разговорот изворот ми го посочи писменото соопштение што Арбен Џафери го има доставено до албанската редакција при МТВ а во кое се говори дека на 11.11.1994 година во работните простории на ПДП била остварена средба со господата Роберт Соренсон, Марко Пост и Дејвид Денис Ханик, претставници на политичко-економското биро на Америка со седиште во Скопје.

Во своето излагање пред високите гости Арбен Џафери истакнал дека Македонија се определила за плуралистички систем. По објавувањето на декларацијата за независност прифати улога на една демократска држава. Но реалноста е нешто друго. Она (се мисли на Македонија) е продолжеток на стариот систем која ја сменила само опаковката а внатрешноста е иста. Односно таа е централистичка држава во која сите институции (политички, економски, културни) се во рацете на државата која има за цел да врши целосна контрола врз истите.

Во ваква една ситуација не може да се обвинуваат Албанците кои претставуваат една третина од целокупниот народ во Македонија а кои се застапени со 15 до 20 пратеника, со 3% во полицијата, со 1,7% во судството, 7% во државните органи и со 2% студенти на Универзитетот во Републиката.

За да сето ова се смени истакнал Џафери бездруго треба да се постигне албанско-македонски договор. Со тоа јасно ќе се дефинира која е ориентацијата на Македонија и нејзината сфера на интерес.

Со тоа што се декларира како демократски систем Македонија, треба да ги прифати правилата на новата игра, нејзина изградба на основа на европски стандарди притоа ослобудазајќи се од националистичка тежина и стварањето на паника за дестабилизација на истата.

Не смее според Џафери да се дозволи замена на комунизмот со национализам. Македонија да се прогласи само на Македонците и да се носат дискриминаторски закани за Албанците. Што повеќе демократија толку помалку проблеми.

Во натамошниот дел од текстот се вели дека надворешниот фактор овие феномени треба правилно да ги разбере. Тие го прифаќаат концептот на Глигоров и имаат за задача да го натераат да говори за Албанците како реалност бидејќи друг избор нема.



Политичките партии и другите институции се окупирани со национализам, фаза која е опасна за Македонија, меѓутоа сеуште не е истрошена.

Без елиминирање на оваа фаза нема политичка кооперација.

На прашањето на гостите за можностите за отварање на некаква си коалиција, Господинот Џафери одговорил кратко: "Никаква".

Не затоа што тие не сакаат, туку затоа што не им се совпаѓаат концепциите. Коалиција без услови а според европски стандарди нема да прифатат никогаш.

На крајот од разговорот, а кое било презентирано во соопштението Џафери истакнал дека не може да дозволат да 90% од макроекономијата биде во рацете на Македонците, додека капиталот на Албанците заработени со труд да се фрла на асфалт и микро еконимијата (сервиси, трговија и др.) која е непродуктивна.

Не се согласуваат да во име на Демократијата се надгласуваат во Парламентот и на друго место. Демократијата без стандарди е празна и лажна. Сојузите беа принципи не се сојузи.

**IV - Напомена на оперативниот работник**

Сознанијата презентирани од изворот ценам дека заслужуваат наш интерес пред се поради фактот што истите говорат за ставовите и мислењата на радикалната фракција на ПДП предводена од нелегитимниот претседател Арбен Џафери, а кои ставови ги презентираат пред меѓународните претставници кои престојуваат во нашата земја, со крајна цел обезбедување на демократските процеси и демократијата во Р.Македонија.

На изворот му се дадени инструкции во правец на следење на активностите на определени безбедносно интересни лица, симпатизери и членови на оваа фракција во границите на нејзините можности а воедно и навремено не информира.

**ОПЕРАТИВЕН РАБОТНИК**
В.Вељановски

**V - Примедби, оценки и одлуки на надлежни старешини**

21.XI.94

22/11

+ап Р Коруши ✓ 08-3109/16.5.

239

**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**

**СЛУЖБА ЗА ДРЖАВНА БЕЗБЕДНОСТ** IV

**РУСДБ НА ГРАД СКОПЈЕ**

**ОРУСДБ - "ЦЕНТАР"**

**ОП.РАБ:** В. Велјановски

**ЕВИД.БРОЈ:** 09 - 318

12.05.1994 година

**Скопје**

**ЛИНИЈА:**

- АЕН -

**СЛУЖБЕНА БЕЛЕШКА**

I - **ИЗВОР:** Филијана Кока.

- Податоците се однесуваат на разговорите што претставниците на КЕБС ги воделе со Мендух Тачи во Тетово на 06.05. 1994 година.
- Состанокот со изворот е одржан на 09.05.1994 година од 10,00 до 11,00 часот во ресторанот "Пајмакс". Разговорот е обавен на взаемна иницијатива.
- Сознанијата се презентирани во усна форма. Оперативни трошоци нема.
- Материјалот е оформен на 12.05.1994 година.

II - Повод за обавување на информативниот разговор беше добивање на безбедносно интересни сознанија во врска со одржаниот состанок на претставниците на КЕБС со Мендух Тачи во Тетово, на 06.05.1994 година.

III - **ДОБИЕНИ СОЗНАНИЈА:**

Од обавениот разговор со изворот бевме информирани дека на 06.05. 1994 година во седиштето на ПДП во Тетово, потпретседателот на нелегитимната партија Мендух Тачи ги примил претставниците на КЕБС, Мајкл Шталвор и Годфри Габрет од Англија, Јозе Мануел да Коста Арсенио од Португалија и Бонот Маурисие од Франција.

Претставниците на КЕБС во разговорите со Тачи пројавиле интерес за најновите активности на партијата околу нејзиниот легитимитет како и за застапеноста на Албанците во политичките институции на системот,за идниот попс на населението, како и за престојните избори.

Тачи ги запознал детално гостите со дејствувањето на партијата во услови кога и се оспорува легитимноста од страна на него некомпетентни државни органи.

Воедно ги информирал дека во 1981 година во Република Макеоднија работеле триесет и осум средни училишта на албански наставен јазик, а денес ги има само пет. На Скопскиот универзитет во учебната 1993/94 година според него биле запишани само 2,8% студенти од албанската националност, додека во полицијата се застапени само со 2,4 %.

Албанците истакнал Мендух Тачи на три пати се стремеле да создатат заедничка држава со Македонците (Илинденското востание, Втората Светска војна и поствоениот период), но на негово големо жалење до тоа не дошло. И денес во новиот демократски систем во кој владеат дискриминаторски закони за Албанците иако претставуваат една третина од целокупното население во Р.Македонија во новиот устав фигурираа како други. Поради тоа Тачи се произнел дека не постои радикализам во редовите па неговата партија, туку тој е присатен кај оние кои ја држат власта во своите раце, т.е. во владата на Република Македонија.

На крајот од нивниот разговор Мендух Тачи ги информирал претставниците на КЕБС дека Албанците ќе излезат на престојниот попис само ако бидат исполнети барањата на европските експерти а воедно изразил сомневање дека престојните избори ќе бидат легитимни, а доколку тоа не се случи тогаш новиот Парламент би го сочинувале една третина албански пратеници за што актуелната политичка власт уште сега настојува да го оневозможи тоа.

IV - **Напомена на оперативниот работник:**

Сознанијата презентирани од изворот сметам дека се вистинити и веродостојно дадени. До истите изворот дошол посредно од дописникот на Тетово, кој непосредно земал присуство на оваа средба. Што се однесува до дамите сознанија тие недвосмислено говорат дека Мендух Тачи со своите изјави ги подгрева националните чувства на албанските екстремисти, а воедно и најавува дека него-

вата нелегитимна партија зад која според него стои огром
зинство ќе настојува да доколку државните органи и понат
и го оспоруваат легитимитетот ќе делува вонинституционални

На изворот му се дадени инструкции да ги следи состојбите и
план и благовремено не информира.

**ОПЕРАТИВЕН РАБОТНИК:**

Виктор Велјановски

Виктор Велјановски

V - **Мислење, ставови и оценки на надлежни старешини:**

17/05

1815 3